Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-785/1
29.12. 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 став (1) т. 12 од Статутот на Националната установа Филхармонија на РСМ, а во врска со одредбите од Правилникот за реаудиција бр. 02-97/3 од 08.02.2023 година, на предлог од в.д.директорот на установата, Управниот одбор на Националната установа Филхармонија на РСМ, на 4-та Седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

за спроведување на реаудиција и начин за спроведување на реаудицијата
на вработените во Националната установа Филхармонија на РСМ

1. Реаудицијата на вработените од категорија А-уметници, која ќе се спроведе на 15 јануари 2023 година, ќе се состои во изведба на оркестарски делници од програмата за Концертот на 18.01.2024 година, и тоа:
   М.Мусоргски: Симфониска поема „Ноќ на голото брдо"
   Ј.Брамс: Соната бр.1 за кларинет и симфониски оркестра, арр. Л.Берио,
   М. Мусоргски: Свита „Слики од изложба".
2. Реаудицијата ќе се спроведе во форма на делени проби, под раководство на диригентот Алфонсо Скарано, во присуство на Комисија за реаудиција.
3. Комисијата, за секој член на оркестарот, гласа со позитивна оценка „положил" или со негативна оценка „не положил".
4. Формуларот со податоци за секој член на оркестарот и критериумите врз основа на кој ќе гласа комисијата, ќе се достави до комисијата на денот на реаудицијата.
5. Програмата влегува во сила со денот на донесување, и истата ќе се објави на огласна табла на установата.

Управен одбор, претседател
Сања Шуплевска

Врз основа на член 36 став (1) точка 11, а во врска со член 77-л од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018), и член 21 став (1) т. 13 од Статутот на Националната установа Филхармонија на РСМ, Управниот одбор на Националната установа Филхармонија на РСМ, на 4-та Седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-7853
29.12.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Правилник за изменување на**
**Правилникот за реаудиција бр. 02-97/3 од 08.02.2022**

Член 1

Во член 5 од правилникот, ставот (1) се менува и гласи:
„Реаудицијата се спроведува врз основа на програма, која пред секоја реаудиција ја донесува Управниот одбор".

Во член 5 од правилникот, ставот (2) се менува и гласи:
„Програмата за реаудиција ќе се објави на огласната табла на установата, најмалку седум дена пред спроведувањето на реаудицијата".

Член 2

Во член 6 од правилникот, ставовите (1) и (3) се бришат.

Член 3

Членот 7 од правилникот се брише.

Член 4

Во членот 8 од правилникот, втората реченица се менува и гласи:

„Во записникот од реаудицијата, се наведуваат уметниците за кои комисијата се изјаснила со „положил", уметниците за кои комисијата се изјаснила со „не положил" и евентуалните забелешки согласно формуларите кои ги пополнуваат членовите на комисијата".

Член 5

Овој правилник влегува во сила седум дена од денот на неговото објавување на огласната табла на установата.

Претседател на Управен одбор
Сања Шуплевска